**20131643955**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за угостителска дејност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 21 ноември 2013 година.

Бр. 07-4569/1
21 ноември 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Законот за угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија“ број 62/2004, 89/2008, 115/10, 53/11 и 141/12), во членот 60 ставовите 8 и 9 се менуваат и гласат:

“Против решението на државниот пазарен инспектор од ставот 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Против решението на овластениот инспектор на општината, односно на градот Скопје од ставот 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.”

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”, а ќе започне да се применува од 1 мај 2014 година.